РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
бр. 22/8 - 749 дата: 23.05.2023

Врз основа на одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на претседавач на Собрание

1. За претседавач на Собранието се избира АЦО ПЕТРУШЕВ.

2. Мандатот на претседавачот на Собранието трае до избор на претседавач на наредното Собрание.

3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

СО.бр.________
23.05.2023 год.
С к о п ј е

РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје
С о б р а н и е
*Претседавач,*
______________

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-750 дата: 23.05.2023

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва, а согласно одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на бројач на гласови

1. За бројач на гласови при донесување на одлуки по утврдениот ред за оваа седница, се избира:

- ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА

2. Бројачот на гласовите утврден во точка 1 на оваа Одлука има задача при донесување на секоја одлука по точките од дневниот ред да ги изброи вкупниот број гласови "ЗА", "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" и за истите да го извести претседавачот со Собранието за резултатите од гласањето.

За секоја одлука бројачот на гласовите изготвува писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.

Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, претседавачот со Собранието констатира, односно објавува дали одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СО.бр.________**
**23.05.2023 год.**
**Скопје**

**РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје**
**Собрание**
***Претседавач,***

Р.Ж. ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-751 дата: 23.05.2023

Врз основа на одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за избор на записничар и двајца оверувачи на записникот**

1. За записничар и двајца оверувачи на записникот што се води на оваа седница (23.05.2023 година) се избираат:

   - За записничар:
     ЖИВАНА МИХАЈЛОВИЌ

   - За оверувачи на записникот:
     СИЛВИЈА ТРАЈКОВСКА
     МАРИЈА ЈАКИМОВСКА

2. Записникот се подготвува најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат избраните оверувачи од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СО.бр.________**
**23.05.2023 год.**
**Скопје**

**РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје**
**Собрание**
***Претседавач,***
______________

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-752 дата: 23.05.2023

Врз основа на член 383, став 1, точка 8, од Законот за трговските друштва и член 29 став 1 алинеја 5 од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај, ревизорскиот извештај и извештајот на внатрешната ревизија за работата на друштвото за 2022 година.

2. Составен дел на оваа одлука е извештајот од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето.

**СО.бр._________**
**23.05.2023 год.**
**С к о п ј е**

**РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје**
**С о б р а н и е**
***Претседавач,***
____________________

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-753 дата: 23.05.2023

Врз основа на член 383, став 1, точка 8, од Законот за трговските друштва, а согласно одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се одобрува работатата и водењето на работењето на друштвото од страна на Одборот на директори на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје.

2. Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето.

**СО.бр.________**
**23.05.2023 год.**
**С к о п ј е**

**РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје**
**С о б р а н и е**
***Претседавач,***
____________________

Р.Ж. ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-756 дата: 23.05.2023

Врз основа на член 383, став 1, точка 8, од Законот за трговските друштва и член 29 став 1 алинеја 7 од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, Собранието на акционерското друштво на својата седница одржана на 23.05.2023 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за назначување (одредување) на ревизор на годишна сметка и финансиски извештај на АД за 2023 година**

1. За ревизор на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2023 година се одредува: **Рафајловски ревизија ДОО Скопје**.

2. Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето.

**СО.бр._________**
**23.05.2023 год.**
**С к о п ј е**

**РЖ ТЕХНИЧКА АД Скопје**
**С о б р а н и е**
***Претседавач,***
____________________

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД
ул. 16. Македонска бригада 18, П. фах 599, Скопје
Бр. 22/8-758 дата: 23.05.2023

Врз основа на одредбите од Статутот на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје, а согласно одредбата од членот 365 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на ден 23.05.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

**1.**Се ОДОБРУВА исплата на еднократен паушален износ од 60.000,00 денари на неизвршните членови на Одборот на директори кои не се вработени во друштвото како награда за работата во органот на управување во друштвото.

**2.** Се ЗАДОЛЖУВА Извршниот член на Одборот на директори преку надлежните служби да ја спроведе оваа Одлука.

**3**. Оваа Одлука стапува на сила веднаш со нејзиното донесување.

**СО.бр.________**
**23.05.2022 год.**
**С к о п ј е**

**РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје**
**С о б р а н и е**
***Претседавач,***
_______________________